Со книгата *Корпусни истражувања на англискиот меѓујазик на македонските изучувачи: усвојување и меѓујазично влијание* авторките ги поставуваат темелите на организираните корпусни јазични истражувања кај нас, како и на систематското проучување на меѓујазикот на изучувачот. Воедно, со ова дело тие ја збогатуваат и македонската стручна терминологија од областите изучување на странски јазик и корпусна лингвистика.

д-р Ана Лазарова-Никовска

Оваа книга е резултат на истражувањата во рамките на проектот *Анализа на англискиот меѓујазик од македонски говорители* кој има цел да ја поттикне истражувачката дејност во областа 'усвојување втор/странски јазик'. Поделена е на два дела: во првиот дел се дава преглед на основните теориски поставки, а во вториот дел се прикажани истражувања на англискиот меѓујазик на македонски говорители, вршени врз податоци од Македонскиот корпус на англискиот меѓујазик (МКАМ), електронска база на податоци создадена во рамките на проектот.

Книгата е наменета за сите оние кои се интересираат за процесите на усвојување втор/странски јазик од научна или од практична гледна точка. Посебно се препорачува за студентите на прв и втор циклус на студии по англистика во нивната подготовка за наставници или преведувачи. Резултатите од емпириските истражувања ќе им бидат особено од корист на наставниците по англиски јазик во македонската средина.

Корпусни истражувања на англискиот меѓујазик на македонските изучувачи Книга 1

Лилјана Митковска
Марија Кусевска
Елени Бужаровска

# Корпусни истражувања

## на англискиот меѓујазик на македонските изучувачи

Книга 1